# CHILD SUPPORT AFTER DIVORCE DE LEGE LATA, DE LEGE FERENDA

- Издржувањето е право и обврска која не може да се менува со волјата на странките.
- Обврската за издржување е со закон уредена, таа е строго лична обврска како на страната на оној кој треба да дава издршка така и на страната на примателот на издршката, таа не може да се наследи.
- Носителот на ова право не може однапред да се откаже, а доколку така постапи тоа нема правно дејство
- Правото на издржување кое е определено со закон не застарува додека трае родителското право и во тој период застареноста не тече.
- Неретко помеѓу брачните другари постои спор околу определувањето на висината на издршката која треба да ја плаќа брачниот другар кај кого не е доверено детето на чување, воспитување и делумно издржување

- При утврдувањето на висината се води сметка да не се доведе во прашање неговите животни потреби и егзистенција.

- Постојните законски решенија на македонското семејно законодавство во поглед на обезбедување на издршката на децата по разводот на брак се среќаваат со определени проблеми во праксата, а на штета на децата кои во голем број на случаи не ја добиваат егзестенцијалната издршка од родителот со кој не живеат заедно.

- Неплаќањето на издршката на децата го загрозува нивното правилно одгледување, воспитување и образование, а товарот на надминување ан секојдневните проблеми паќа само на родителот со кој детето живее.

- Нашето законодавство се уште не практикува модели и решенија прифатени во современите европски семејни законодавства по однос на обезбедувањето на издржувањето на децата на кои им е тоа ускратено

- Во Европските земји постојат различни системи на обезбедување на плаќање на издршката на децата. Во случај кога родителот кому децата не му се доверени на чување и воспитување не ја плаќа издршката на детето, нејзиното плаќање е гарантирано директно од страна на државата.
- Такви решенија постојат во Австрија, Германија, Унгарија, Италија, Шведска и Естонија. Во други држави како Франција, Словачка и Белгија кога родителот нема да плаќа издршка, таа се гарантира од страна на специјализирани правни лица основани од страна на државата. Во трети држави тоа се обезбедува од страна на локалните власти пр. Чешка, Данска, Финска и Бугарија.
- Специјални фондови за обезбедувањето на издршката на децата се предвидени во Латвија, Литванија, Луксембург, Полска и Португалија. Во други земји се предвидени посебни владини агенции за тоа, а во други издржувањето се покрива од страна на приватни осигурителни компании.

- Заедничка карактеристика на сите тие модели за обезбедување е тоа што не се ослободува родителот од обврската за плаќање на издршката.

- Во некои држави надлежност за наплаќање на обврската е преку судот пр. Австрија, Белгија, Франција, Германија, Грција и  др., во др. земји тоа е извршителот пр. Холандија, Шведска и др., а во трети земји судот и извршителот пр. Бугарија, Кипар и Словенија.

- Праксата налага потреба од прифаќање на некои од наведените модели за обезбедување на издржувањето и во тој сегмент се предвидени и дел од најавените реформи во семејното право.

- Кога издршката се определува за дете, судот ќе ја земе предвид и возраста на детето, како и потребите за неговото школување.

- Во Законот за семејството е уредено дека се ограничува правото на родителот со кој детето не живее да одржува определен период лични контакти со детето ако не плаќа издршка или не го врати детето на време.

- Со ова законско решение се ограничува правото на родителот да одржува лични контакти со детето ако не плаќа издршка (Така на пример, треба да се укине одредбата според која на родителот кој подолго од три месеца не давал издржување на детето, ќе му го ограничи правото да одржува лични односи и непосредни контакти, се додека не ги извршува обврските спрема детето). Ова претставува казна и за детето, кое нема да има можност да го гледа својот родител!

- Во услови на економска криза нелогично е и нехумано ова законско решение кое приоритет им дава само на материјалните вредности, а не и на љубовта и грижата кон детето

- Ова е особено значајно, доколку се има предвид дека сите истражувања покажуваат дека е во интерес на детето да остварува лични односи и непосредни контакти со двајцата родители.
- Обврска е на државата да изнајде други посоодветни решенија за обезбедување на издршката, а не да му се забрани на родителот да одржува подолг временски период лични контакти со детето! Ваквото решение е поразително и не оди во прилог на најдобриот интерес на детето, кое има потреба да одржува лични контакти со двајцата свои родители.